ТЕЛМА

СТОП ЗА БУЛИНГ www.kreniglas.mk

НАСКОРО!

www.makpetrol.com.mk

Вести Македонија Најважни

Доживотен затвор за обвинетиот за убиството кај Мавровка

13.03.2025 16:01

Доживотен затвор доби 40 годишниот Елвин Куртовиќ за убиството на скопскиот бизнисмен Васил Ефтимов на 20 август минатата година на паркингот кај Мавровка.

Признанието на вина и каењето за убиството на претходното рочиште не му помогна на Кутовиќ да добие помала казна, кој има дебело досие и неколку пресуди за тешка кражба, кражба, нелегално носење на оружје.

Судијката Моника Бахчовановска, пред да ја изрече пресудата го прочита психијатриското вештачење на обвинетиот. Од својата 18 година имал трајно дисоцијално однесување и не бил заинтересиран за чувствата на другите лица и за почитување на социјалните норми.

На денот на убиството имал уредно психичко здравје и бил пресметлив. За судијката не беше прифатливо оправдувањето дека неколку дена и за време на убиството бил под дејство на кокаин.

ЕЛВИН ВО ТАА СОСТОЈБА СТЕ СЕ ДОВЕЛЕ САМИТЕ СЕБЕ СИ. ТОА НЕ ЗНАЧИ ДЕКА ОД СУДОТ ВАШАТА КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ ТРЕБА ДА БИДЕ НАМАЛЕНА ИЛИ ИЗБЕГНАТА. ВО НИКОЈ СЛУЧАЈ, РЕЧЕ СУДИЈКАТА МОНИКА БАХЧОВАНОВСКА.

А за наводите на неговата одбрана дека државата направила пропуст бидејќи не го ресоцијализирала Кутовиќ и дека убиството немало да го изврши доколку полицијата го пронашла, бидејќи бил во бегство од Идризово на критичниот ден, судијката Бахчовановска оцени дека ниту една институција не може да биде одговорна за дејствија на поединец.

СКЛОНИ СТЕ ДА НАПАЃАТЕ И НАОЃАТЕ ДРУГИ ВИНОВНИЦИ. ЗА ПОВЕЌЕ ДА НЕ СЕ ДОВЕДЕМЕ ВО ТАКВА СИТУАЦИЈА ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ ДЕНЕСКА ЈА НОСИ ПРЕСУДАТА ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЗНАНИЕ НА ВИНА. ОВОЈ СУД ВЕ ОСУДУВА НА КАЗНА ДОЖИВОТЕН ЗАТВОР, РЕЧЕ СУДИЈКАТА.

Куртовиќ останува во притвор до правосилност на пресудата. Ефтимов беше убиен среде бел ден, со куршум во градите. Куртовиќ кој притоа од сопругата на жртвата одземал лап топ и гајба со алат од гепекот на нивниот автомобил при бегството пукаше и кон полицајците кои подоцна го приведоа.

© 2020 Телевизија Телма. Сите права се задржани. Овој текст не смее да се печати или емитува, во целина или во делови, без договор со Телевизија Телма.

ПОВРЗАНИ СОДРЖИНИ



Татко пријавил дека партнерот на неговата 15-годишна ќерка ја уценувал дека ќе објави видео-материјали

Секој шести пациент има проблем со очниот притисок

Партиски измеќар, а на слики му седат на ушка – Мицкоски со профил на обвинителот кој го обвинува, обвинителство со жалба за куќниот притвор на Јахоски

СКОРЕШНИ НАПИСИ

Татко пријавил дека партнерот на неговата 15-годишна ќерка ја уценувал дека ќе објави видео-материјали

Секој шести пациент има проблем со очниот притисок

Доживотен затвор за обвинетиот за убиството кај Мавровка

Партиски измеќар, а на слики му седат на ушка – Мицкоски со профил на обвинителот кој го обвинува, обвинителство со жалба за куќниот притвор на Јахоски

Секој трет ученик во Битола е жртва на врсничко насилство

НАЈЧИТАНИ

Уништете ги и запалете сите ваши документи – висока функционерка во УСАИД со порака до вработените

under Вести, Најважни, Свет

За да ги "скријат" парите од матните мазутни зделки за ТЕЦ Неготино, профрлале и ваделе кеш, извршена и позајмица "сам на себе" на 1,2 милиони евра- обвинителството со детали за истрагата за РКМ, Капушевски и Јахоски

under Вести, Македонија

Манев: Палевски планираше да грабнеме ќерка на пензиониран бизнисмен, потоа и возрасна жена, а не Вања Ѓорчевска

under Вести, Македонија, Најважни

Мислеле дека ќе грабнат жена на возраст од 38 до 40 години, а не

under Вести, Македонија, Најважни

Користиме колачиња на нашата веб-страна за да ви го дадеме најрелевантното искуство со запомнување на вашите преференции и повторни посети. Со кликнување на „Прифати", вие се согласувате да се користат колачиња. Прифати Прочитај повеќе

ТЕЛЕВИЗИЈА ТЕЛМА

Ул. Никола Парапунов 51
1000 Скопје Република Македонија
Тел. (+389 2) 307 66 77
Факс. (+389 2) 3077 279
e-mail: Telma@telma.com.mk

@2020 - telma.com.mk. All Right Reserved. Designed and Developed by UNET | Политика за приватност и колачиња